Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-937/1 од 29.02.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-937 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-937/1 од 29.02.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за прекршување на изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година – чл. 34 ст. 1 ал. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Како што е наведено во пријавата, ///, направил суштински измени и дополнувања на ///, на начин така што постоел ризик од субјективни влијанија врз предметите кои се од надлежност за работа на ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази како поткрепа на наводите.
По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК побара надлежно постапување, податоци, информации и документација од /// и од ///. Заради обезбедување дополнителни сознанија за конкретниот случај, на барање

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

на ДКСК, во нејзините простории се одржа и службен разговор со подносителот на пријавата.

Откако ДКСК оцени дека располага со доволно докази, пристапи кон утврдување на состојбите, па по оцена на секој одделен доказ и сите докази заедно и извршената единечна и вкрстена анализа на фактите, го утврди следното:

Внатрешната организација и работа на /// се уредени со Правилник за внатрешна организација бр. /// од /// година, на којшто акт е издадена Согласност од Министерство за информатичко општество и администрација на РСМ бр. /// од /// година. Според овој акт за внатрешна организација и работа, распределбата на предметите за работа се врши согласно со Годишниот распоред за работа, кој за /// година е донесен на /// година, заведен под арх. бр. ///.

Измените на Годишниот распоред за работа се диспозиција (дискреционо овластување) на ///. Следствено, со вака даденото дискреционо овластување, направени се /// измени и дополнувања на Годишниот распоред за работа за /// година, заведени под арх. бр. /// од /// година, /// од /// година, /// од /// година и /// од /// година. Со овие измени биле направени нови прераспоредувања на предметите за работа по разни основи и тоа заради ///, потоа заради обезбедување ефективно работење, како и заради долгорочни боледувања на ///.

Годишниот распоред за работа за /// година, со сите негови измени и дополнувања не подлежат на согласност од државните органи на РСМ.

Исплатата на платите на вработените во /// е уредена со актот за систематизација на работните места, со сите негови изменувања и дополнувања.

Поединечни овластувања за работа по предметите на /// не се доделуваат. Се доделуваат овластувања кои се од значење за ефикасно управување и работа со архивата и архивското работење на ///, потоа за управување со финансиските текови и буџетската контрола, како и пристапот до информации од јавен карактер. Сите вработени се задолжени да доставуваат писмени извештаи за својата работа до ///.

Бонуси и додатоци на плата се исплатуваат со носење на поединечни акти и тоа заради специфичност на работата и зголемен обем на работа.

Во /// се води постапка заведена под /// бр. /// од /// година.

Тоа се состојбите што произлегоа од сите обезбедени и изведени докази за овој конкретен случај. На вака утврдените состојби ДКСК одлучи како во диспозитивот поради следните причини:

Во конкретниот случај, не станува збор за престанок на работен однос за време на изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година.

Распределбата на предметите за работа во /// се врши врз основа на пишаните процедури, т.е. Годишниот распоред за работа за /// година, изменет и

надополнет /// пати. Во таа смисла ДКСК цени дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај затоа што нема повреда на чл. 34 ст. 1 ал. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Меѓутоа, од аспект на надлежностите на ДКСК, се забележуваат чести измени и дополнувања на актот за систематизација на работните места, како и повеќекратно изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа за /// година, од дискрециона природа (диспозиција) на ///.

Имајќи го предвид дискреционото овластување на /// самостојно да го изменува и дополнува Годишниот распоред за работа за /// година, ДКСК нема законска надлежност да постапува, затоа што тоа се работи за тековни предмети кои сеуште се во работа, а за кои надлежен орган кој со закон е овластен да ги испита ваквите сомнежи е ///, кај кој за конкретниот случај се води постапка заведена под /// бр. /// од /// година.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение

Доставено до:
- Подносителот